**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за надворешни работи**

**Бр. 04-** 18135/24-6
04-07-2024 **година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управата („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и член 21 став 1 и став 3, член 22 став 1 алинеја 6, став 5, став 8, став 11 алинеја 6, од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) а во врска со член 22 став 1 алинеја 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/2011, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/2015, 129/15 и 27/16,120/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19,267/20,151/21 и 288/21), министерот за надворешни работи донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по објавен јавен оглас

1. За пополнување на работно место Посебен советник за прашања поврзани со билатерални односи со држави од Југоисточна Европа и регионална мултилатерала во Кабинетот на Министерот, се избира **Марјан Христов.**

2. Именуваниот ќе се вработи на работното место од точка 1 на оваа Одлука врз основа на Договор за вработување на определено време.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за спроведување на постапката за избор на кандидати по објавениот Јавен оглас бр.2/2024 година за вработување на определено време во МНР, формирана со решение на МНР бр. 04-18135/24-4 од 03.07.2024 година, одржа интервју со единствениот

пријавен кандидат на јавниот оглас за ова работно мето, при што констатира дека кандидатот ги исполнува условите предвидени со огласот.

Комисијата преку прибирањето на одговори, коментари, ставови, гледишта, оценки, сугестии и тези, од страна на кандидатот, како и ценејќи го искуството поврзано со прашања поврзани со Југоисточна Европа, на Министерот за надворешни работи му предложи, Марјан Христов да биде избран за пополнување на наведеното работно место.

Министерот за надворешни работи, по претходно спроведената постапка, ценејќи дека именуваниот успешно ќе ги извршува работите од надлежност на работното место за кое се избира, донесе одлука како во диспозитивот.

**Прврана поука:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката преку Министерството за надворешни работи.

**МИНИСТЕР**
**Тимчо Муцунски**

И/ С. Колчаковски
К/ПД И. Каранфиловски
О/ ПО на МНР В. Трпевски